# ПСИХОЛОШКИ ТЕОРИИ ЗА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

***- Влијанието на рационалноста, когнитивните ограничувања и емоциите врз процесот на донесување одлуки -***

***Каролина Гаврилоска***

*-Студентка на мастер програмата по Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ-*

## 1. Вовед

Меѓународните односи се академска дисциплина која ги проучува врските помеѓу државите, вклучувајќи ги интеракциите и политиките на националните влади, меѓународните и невладините организации и мултинационалните корпорации, или накратко кажано - функционирањето на меѓународниот систем како целина. Областа е историски втемелена во практиката на дипломатијата и управувањето со конфликти, со нејзините модерни теоретски основи вкоренети во почетокот на 20 век. Реализмот, либерализмот и конструктивизмот често се нарекуваат „големи теории" на МО поради нивното трајно и сѐ уште присутно влијание. Реализмот, под влијание на мислители како Тукидид, Макијавели и Хобс, го гледа меѓународниот систем како анархичен, воден од политиката на моќ и фокусиран на опстанокот на државата. Либерализмот, црпејќи инспирација од просветителството, ја нагласува соработката, меѓународните институции и заедничкиот човечки напредок. Конструктивизмот, понова теоретска рамка, ја нагласува улогата на идејните фактори како што се нормите, идентитетите и споделените верувања во обликувањето на меѓународните резултати.[1]

И покрај несомнениот придонес на овие големи теории, нивниот еднostran фокус на структурните сили честопати ги става во втор план психолошките димензии на одлучувањето. Конкретно, реализмот и либерализмот имаат тенденција да ги третираат државите како унитарни и рационални актери, занемарувајќи ја комплексноста на индивидуалното и колективното човечко однесување. Конструктивизмот, иако ја препознава важноста на нормите и верувањата, гледа на човековата природа како на општествена конструкција и ретко инкорпорира систематска психолошка анализа во своите рамки. Токму ваквиот превид на човечкиот елемент во меѓународната политика и начелното

[1] Jackson, R.H. and Sørensen, G. (2016). *Introduction to international relations: theories and approaches*. Oxford, United Kingdom: Oxford University Press.

негирање на потребата нивните модели да се потпрат на психолошките модели за индивидуално и групно однесување, претставува една од најголемите критики на овие теории.[2] Во продолжение, овој труд ќе се фокусира токму на прашањето за придонесот на психолошките теории и нивната експликација на процесот на носење одлуки од страна на лидерите и државниците на меѓународната сцена, со особен осврт на когнитивните теории и влијанието на емоциите врз споменатиот процес, сè со цел да се долови моментот дека не само големите теории даваат објаснување на феномените во меѓународните односи, туку дека истото може да го направат, па дури и да го дополнат - одредени психолошки теории.

## *2. Рационалност и когнитивни ограничувања*

### *2.1 Теорија за рационален избор*

Носењето одлуки лежи во срцето на меѓународните односи, на кое честопати се гледа како на една „шаховска игра" во која државните лидери постапуваат со математичка и економска рационалност, земајќи ги предвид и вагајќи ги сите варијабли и фактори, сè во насока на носење на одлука за најефикасно остварување на нивните национални интереси. Во ова се состои суштината на теоријата за рационален избор[3], која првично се појавила како економска теорија, развиена од неокласичниот економист Адам Смит, кој користејќи ја метафората за „невидливата рака"[4] ги поставил основите на оваа теорија, а во насока на објаснување на начинот на однесување и одлучување на индивидуите и групите. Во економијата и на пазарот видлива е борбата околу оскудните ресурси, а од 50-тите години на минатиот век, сличностите меѓу таа пазарна конкуренција и борбата за недоволните ресури, и политичката борба за моќ ги навеле теоретичарите на заклучок дека економските теории, каква што е во суштина и споменатата теорија за рационален избор, може да се применат и на полето на политиката, а следствено на тоа и во меѓународните односи, имајќи

[2] Goldgeier, J.M. and Tetlock, P.E. (2001). Psychology and international relations theory. *Annual Review of Political Science*, 4(1). doi:https://doi.org/10.1146/annurev.polisci.4.1.67.

[3] Pursiainen, C. and Forsberg, T. (2021). The psychology of foreign policy. 1st ed. [online] Palgrave studies in political psychology. Palgrave Macmillan Cham. doi:https://doi.org/10.1007/978-3-030-79887-1.

[4] Метафората на невидливата рака на Адам Смит илустрира како постапките на поединците водени од личен интерес ненамерно му користат на општеството насочувајќи ја ефикасноста на пазарот. Слично на тоа, во теоријата за рационален избор во рамките на меѓународните односи, државите дејствуваат предводени од нивните сопствени стратешки интереси, но сепак нивните интеракции - без разлика дали преку конкуренција, кооперација или конфликт – водат кон глобална стабилност или пак војна, во отсуство на централна власт која ги насочува резултатите.

предвид дека игра улога истиот човечки фактор.[5] Според зборовите на Тулок: „Гласачите и купувачите се всушност истите луѓе. Г-дин Смит купува и гласа; тој е истиот човек во супермаркетот и на гласачкиот пункт“.[6]

Но, дали човекот навистина може да постапува толку ладнокрвно како што налага теоријата за рационален избор, вадејќи ги од равенката сите психолошки фактори, свесно и систематски да ги разгледува сите опции и однапред да ги знае исходите за секоја од нив? Како се објаснуваат оние одлуки што не се донесени согласно ова сфаќање? Најголемите ривали на теоријата за рационален избор – теоријата за ограничена рационалност, полихевристичката теорија и теоријата на перспектива делумно ја побиваат и ублажуваат тезата дека човековите битија се секогаш рационални актери на меѓународната сцена.

## 2.2 Теорија за ограничена рационалност

Теоријата за ограничена рационалност (bounded rationality) не се стреми кон целосно напуштање на теоријата за рационален избор, што е видливо и од нејзиното име. Нејзиниот најистакнат претставник Херберт А. Симон стои на ставот дека човекот е само делумно рационален, а преостанатиот негов дел се карактеризира со ирационалност, и става акцент на когнитивните ограничувања на еден така (и)рационален човек од аспект на можноста квалитетно да обработи огромен број на информации во дадена временски-сензитивна кризна ситуација, што е типично во надворешната политика.[7] Како резултат на тоа, рационалните носители на одлуки ќе донесат одлука што е задоволителна во конкретната ситуација, наместо оптимална.[8]

Ограничената рационалност во меѓународните односи е очигледна во Кубанската ракетна криза, каде што американските носители на одлуки се соочуваат со нецелосни информации, когнитивни и временски ограничувања во текот на нивната реакција на распоредувањето на советските проектили во Куба. Кубанската ракетна криза од октомври 1962 година е клучен и критичен настан во време и во рамки на Студената војна, кој иако траеше само 13

[5] Buchanan, J.M. and Tullock, G. (1962). The calculus of consent : Logical foundations of constitutional democracy. Michigan: The University Of Michigan Press. Достапно на: http://files.libertyfund.org/files/1063/Buchanan_0102-03_EBk_v6.0.pdf

[6] Tullock, G. (2007). The Vote Motive. [online] SSRN Electronic Journal. Great Britain: The Institute of Economic Affairs. doi:https://doi.org/10.2139/ssrn.955793.

[7] Pursiainen, C. and Forsberg, T. (2021). The psychology of foreign policy. 1st ed. [online] Palgrave studies in political psychology. Palgrave Macmillan Cham. doi:https://doi.org/10.1007/978-3-030-79887-1.

[8] Sent, E.-M. (2018). Rationality and bounded rationality: You can’t have one without the other. *The European Journal of the History of Economic Thought,* [online] 25(6). doi:https://doi.org/10.1080/09672567.2018.1523206.

дена, ги доведе Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз на работ на нуклеарна војна, чиишто размери би го афектирале целиот свет. Потекнувајќи од геополитичкото ривалство меѓу двете суперсили, кризата започнува како резултат на поставувањето на нуклеарни ракети на Советскиот Сојуз во Куба, на оддалеченост од околу 150 километри од брегот на Соединетите Американски Држави, како одговор на поставените боеви глави во Турција од страна на САД. Ваквиот потег сторен по наредба на советскиот водач Никита Хрушчов, беше сфатен како директна закана од американскиот претседател Џон Ф. Кенеди, што доведе до тензични 13 дена исполнети со дилеми дали да се ескалира и да се преземе директна воена акција, или пак да се избере пасивност како решение. Сепак, претседателот Кенеди, земајќи го во предвид ризикот од избивање на нуклеарна воја, потег на кој не биле подготвени ниету едниот ниту другиот лидер, на крајот се одлучи за поморска блокада - официјално наречена „карантин“ - за да спречат понатамошни советски испораки на воена опрема на Куба. Оваа стратегија овозможи продолжување на дипломатските преговори, истовремено демонстрирајќи воена решителност на американскиот претседател. Кризата кулминираше со решение кога Хрушчов се согласи да ги повлече советските ракети од Куба во замена за ветувањето на Кенеди дека САД нема да ја нападнат Куба. Овој настан ја нагласи опасноста од ескалација на Студената војна и нејзино претворање во „жешка војна“, истакнувајќи ја притоа клучната улога на дипломатијата и воената стратегија во одржувањето на глобалната безбедност.[9]

Од оваа епизода во историјата на Студената војна може да се види дека носителите на одлуки, соочени со ограничени разузнавачки информации за ракетите и интензивен временски притисок, се потпираат на поедноставени претпоставки и усвојуваат „задоволителен“ пристап со избирање на поморска блокада како една златна средина помеѓу пасивноста и ескалацијата. Како резултат на оваа стратегија на државните лидери обликувана од страв, недоверба и неможност целосно да се предвидат исходите, успешно е избегната војната, но истовремено таа рефлектира процес на донесување одлуки базиран на ограничена рационалност.

[9] Martins, D. (2018) ‘The Cuban Missile Crisis and the Joint Chiefs: Military Operations to Meet Political Ends’, *Naval War College Review,* 71(4), Article 7. Достапно на: https://digital-commons.usnwc.edu/nwc-review/vol71/iss4/7

## 2.3 Полихевристичка теорија

Полихевристичката теорија (poliheuristic theory), според Алекс Минц, го премостува јазот меѓу рационалните и когнитивните теории за носење одлуки. Согласно оваа теорија овој процес се состои од две фази. Во првата фаза, носителот на одлуката (лидерот) множеството на информации кои треба да ги обработи и да ги земе предвид, го редуцира со примена на „некомпензаторен принцип“ [10], каде што фокусот е секогаш ставен на неговиот политички опстанок и внатрешна политика, сè додека не дојде до еден задоволителен број на опции. Откако сетот на опции ќе се сведе на алтернативи кои се прифатливи за донесувачот на одлуки, процесот се префрла во втора фаза, при што носителот на одлуки користи повеќе аналитичка обработка во обид да ги минимизира ризиците и да ги максимизира придобивките[11], следејќи ги основните принципи на теоријата за рационален избор. Притоа Минц го истакнува користењето на хевристички кратенки (heuristic shortcuts)[12] и во двете фази, но истото е позастапено кога носителот на одлука се наоѓа во ситуација која му е непозната и дотогаш неискусена, отколку кога е соочен со веќе познат проблем чие решение може да го базира на претходно искуство и претходно донесена одлука.

Наводите на кои се базира полихевристичката теорија се олицетворени во одлуката на претседателот Џорџ Буш да ја нападне Панама во 1989 година, во рамки на американската инвазија на Панама уште позната како операција „Just Cause“. Во текот на 80-тите години на 20 век односите помеѓу САД и Панама се влошуваат, особено по доаѓањето на власт на Мануел Нориега, чиј диктаторски режим почнал да претставува закана за Соединетите Американски Држави, особено по излегувањето на виделина дека Нориега е вмешан во ланец на трговија на дрога која ја шверцувал во САД. По неуспешните обиди за преговори

---

[10] Некомпензаторниот принцип (non-compensatory principle) претставува правило за донесување одлуки (во рамки на полихевристичката теорија) каде една алтернатива / решение се елиминира целосно доколку не исполнува одреден клучен критериум, без оглед на нејзините предности што може да ги има во други области. На пример, еден државен лидер може да одбие да ефектуира одредена политика затоа што го загрозува неговиот опстанок и неговата позиција на политичката сцена, иако истата политика нуди други економски и стратешки придобивки. Ова значи дека недостатоците во клучното подрачје (опасноста по неговиот опстанок на политичката сцена) не можат да бидат компензирани и надоместени од бенефитите што таа алтернатива ги нуди во другите засегнати подрачја.

[11] Mintz, A. (2004) ‘How do leaders make decisions? A poliheuristic perspective’, The Journal of Conflict Resolution, 48(1), стр. 3–13. Достапно на: http://www.jstor.org/stable/3176265

[12] Користењето на хевристички кратенки (heuristic shortcuts) претставува ментална стратегија што на носителите на одлуки во меѓународните односи, но и општо во секојдневниот живот, им овозможува брзо елиминирање на опции кои се (политички) неприфатливи, без притоа да мораат да прибегнат кон детална анализа на сите бенефити и недостатоци. Тоа значи дека ваквите хевристички кратенки овозможуваат поедноставување на една инаку многу комплексна ситуација во која треба итно и неодложно да се дејствува и да се донесе правилна одлука.

и компромис, тогашниот американски претседател Џорџ Буш согледува дека конфликт е неминовен.[13]

Па како може да се објасни одлуката на Буш за спроведување на операцијата „Just Cause“ имајќи ги предвид импликациите на полихевристичката теорија? Согласно оваа теорија, во првата фаза тој ги елиминира дипломатијата и тајните дејствија како опции поради нивните лоши политички последици (некомпензаторен принцип). Во втората фаза, тој аналитички ја избира воената интервенција бидејќи истата е во согласност со стратешките цели на Соединетите Американски Држави, а истовремено проектира сила и ги минимизира домашните политички ризици.

## *2.4 Теорија на перспективи*

Во рамки на когнитивните теории за носење одлуки, а во врска со претходно споменатите ризични и несигурни ситуации и избори, може да се спомене и теоријата на перспективи (prospect theory) чии основоположници се Канеман и Тверски. Во момент и во опасност од ризичен исход речиси е неприменлива теоријата за рационален избор, затоа што во ваква ситуација носителот на одлука повеќе се потпира на своите инстинкти отколку на принципот на корисност и внимателно вагање на одлуките и последиците. Согласно теоријата на перспективи, луѓето се повеќе склони да преземат ризични чекори и да донесат ризични одлуки (risk acceptant) кога се во домен на загуба, и обратно, да донесат поконзервативни и безбедни одлуки (risk averse) кога се во домен на добивка. Луѓето мразат да губат повеќе отколку што сакаат да победуваат. Ваквата аверзија кон загубата влијае врз процесот на носење одлуки на начин што преферира пасивност наместо активност и status quo наместо која било друга алтернатива.[14] Оваа теорија свој најзначаен придонес има во објаснувањето на однесувањето и носењето на стратешки одлуки на лидерите во областа на меѓународната безбедност, а особено се разгледува од аспект на психолошката техника на одвраќање (deterrence)[15] на противникот од сторувањето нешто што инаку би го направил,

---

[13] Quigleyt, J. (1990). The legality of the United States invasion of Panama. *Yale Journal of International Law*, [online] 15, стр.276–303. Достапно на: http://hdl.handle.net/20.500.13051/6236.

[14] Pursiainen, C. and Forsberg, T. (2021). The psychology of foreign policy. 1st ed. [online] Palgrave studies in political psychology. Palgrave Macmillan Cham. doi:https://doi.org/10.1007/978-3-030-79887-1.

[15] Во меѓународните односи, одвраќањето (deterrence) е психолошка стратегија насочена кон спречување (одвраќање) на противникот да преземе несакана акција со закана на сериозни последици. Оваа тактика се потпира на кредибилитет и комуникација – на противникот мора му биде ставено до знаење дека заканата е реална, дека спротивната страна има средства тоа да го спроведе и дека таквите (штетни) последиците не може да се мерат со потенцијалните придобивки.

чиј успех зависи од правилната процена на тоа како тој „најверојатно ќе постапи“, наместо како „треба да постапи“.[16]

Во продолжение пример како оваа теорија се одразила во праксата - за време на Иранската заложничка криза, претседателот Џими Картер во 1980 година дава зелено светло за ризичната операција „Eagle Claw“ за спасување на американските заложници, кои биле грабнати од американската амбасада во Техеран. Ваквата заложничка ситуација била мотивирана од повеќе фактори кои постепено воделе кон раздор и влошување на односите помеѓу Соединетите Американски Држави и Иран, и тоа: американската поддршка на поранешниот шах, иранската исламска револуција, фрагментираната иранска влада, аверзијата кон засиленото американско и западно влијание во Иран, а како непосредна причина на која може да се припише отпочнувањето на Иранската заложничка криза е азилот даден од претседателот Џими Картер на поранешниот ирански Шах Мохамед Реза Шах Пахлави, со цел да престојува и да се подложи на медицински третман на територијата на САД. По повеќе неуспешни преговори, претседателот Џими Картер е соочен со потребата од преземање на неодложни мерки заради спасување на своите сограѓани.[17]

При такви околности тој ја носи одлуката за отпочнување на неуспешната мисија „Eagle Claw“ – одлука која може да се објасни користејќи ги согледувањата на теоријата за перспективи. Функционирајќи во домен на загуби поради политичка штета и национално понижување, Картер на мисијата гледа како на шанса да ги замени овие загуби со драстичен успех. Високите влогови го направија поспремен да ги прифати оперативните ризици, но неуспехот на мисијата само ги продлабочи загубите што сакаше да ги избегне.

## 3. *Како емоциите влијаат врз процесот на одлучување?*

И покрај сè ова, дали при носењето на одлуки лидерите и државниците секогаш размислуваат „трезвено и ладнокрвно“? Дали таквите одлуки се целосно ослободени и независни од моменталните расположенија и емоции на носителот?

Неспорно е дека емоциите се есенцијален дел на човековото битие, а интересот за нив и нивното влијание врз однесувањето на човекот датира уште од антиката. Факт е дека човекот во текот на својот живот учи како да се справува со истите и да не дозволува

---

[16] Mercer, J. (2010). Psychology and security. *The International Studies Encyclopedia*. doi:https://doi.org/10.1111/b.9781444336597.2010.x.

[17] Lambert, L. (2019). Operation Eagle Claw | Rescue Mission. In: *Encyclopædia Britannica*. [online] Достапно на: https://www.britannica.com/event/Operation-Eagle-Claw.

секогаш „да го преземаат воланот“ при донесувањето на одлуки и да влијаат на неговата рационалност, што има свои импликации и на полето на меѓународните односи, земајќи го предвид тоа што главни носители на стратешките одлуки во меѓународната политика се токму – луѓето. Во контекст на претходно споменатата теорија на ограничена рационалност нејзиниот основоположник Херберт А. Симон истакнува дека „За да имаме нешто како целосна теорија за човечката рационалност, мора да разбереме каква улога играат емоциите во неа“.[18] Честопати на рационалноста и емоциите се гледа како на две спротивни страни на спектарот (што упатува на тоа дека емоциите се ставаат на исто рамниште со ирационалноста) и токму таа дихотомија е долгогодишна дебата во меѓународните односи. Додека традиционалните теории за меѓународните односи често ја нагласуваат рационалноста како основа на однесувањето на човекот и државата, современите истражувања откриваат дека емоциите не се инхерентно ирационални, туку се длабоко испреплетени со рационалното одлучување.[19]

Рационалноста настрана, емоциите имаат неспорен ефект врз однесувањето на лидерот и врз процесот на носење одлуки, преку влијание врз оформувањето на неговите верувања и оценката на околностите во дадена ситуација. Како најпроминентни емоции, но не и единствени, на меѓународната сцена се истакнуваат страв, лутина и емпатија.

## *3.1 Политика на страв*

Во една состојба на анархија во меѓународните односи, класичните реалисти го истакнуваат конфликтот како главно обележје на тие односи, па оттаму и стравот како најзастапена емоција го условува водењето на политиката. Политиката на стравот (politics of fear**)** е најдобро објаснета преку безбедносната дилема (security dilemma), според која „потрагата по безбедност на државата А предизвикува несигурност кај државата Б, која пак *плашејќи* се од намерите на државата А, презема мерки за да ја зголеми својата безбедност, што од своја страна само ја зајакнува несигурноста кај државата А, и така до бескрај“[20] Додека големите теории во меѓународните односи се разликуваат според тоа како државите треба да се справат со безбедносната дилема, логиката на стравот често води до спирала на контрамерки, а можеби и до војна.

---

[18] Pursiainen, C. and Forsberg, T. (2021). The psychology of foreign policy. 1st ed. [online] Palgrave studies in political psychology. Palgrave Macmillan Cham. doi:https://doi.org/10.1007/978-3-030-79887-1.

[19] Goldgeier, J.M. and Tetlock, P.E. (2001). Psychology and international relations theory. *Annual Review of Political Science,* 4(1). doi:https://doi.org/10.1146/annurev.polisci.4.1.67.

[20] Малески, Д. (2000). *Меѓународна политика - Хрестоматија*. Меѓународно право и политика ед. Скопје: Правен факултет.

Пример за ова е Пелопонеската војна, чија причина Тукидид ја наоѓа во „растечката моќ на Атина и *стравот* што тоа го предизвика кај Спарта“.[21] Иако стравот е гледан како една априори негативна емоција, истиот има и свои предности – да доведе до мир, или барем да спречи избувнување војна, што во практиката се гледа во моментот кога обостраниот страв кај САД и СССР за време на Студената војна спречи нуклеарна пресметка и меѓусебно уништување.

## 3.2 Политика на лутина

Рака под рака со стравот, и лутината честопати дејствува како катализатор во подгорувањето на конфликт и војна во меѓународните односи. Иако истата асоцира на насилство**,** политиката на лутина (politics of anger)[22] се користи и како средство за сигнализирање на незадоволство како резултат на неправда и понижување. Освен тоа што поттикнува конфликт, ваквата емоција може негативно да влијае на „трезвеноста“ при носење на важни стратешки одлуки, како и врз дипломатските односи со други држави.

Пример за ефектот на лутината е аргентинската инвазија на Фолкландските Острови во 1982 година, која беше делумно мотивирана од гневот поради британската контрола на територијата датирајќи од 1883 година, која многу аргентинци ја сметаа за колонијална неправда, со желба да го вратат она што е нивно. Додека аргентинската влада, соочена со економски потешкотии и внатрешни немири, се обиде да го канализира овој гнев за да го зајакне домашниот легитимитет, британските сили предводени од премиерката Маргарет Тачер се спртивставуваат на ваквите напади, што води кон неколкунеделна битка на копно, море и во воздух. Конфликтот, чиј почеток е мотивиран од гнев и борба против неправди, на крајот резултираше со одлучувачка британска победа, која го зајакна легитимитетот на Маргарет Тачер, а од друга страна доведе до домашна реакција против аргентинското раководство и пад на тамошниот аргентински воен режим. [23]

## 3.3 Политика на емпатија

Емпатијата во меѓународните односи се однесува на способноста да се разберат и да се споделат чувствата, перспективите и мотивите на другите, вклучувајќи ги и противниците, сојузниците и неутралните актери. За разлика од стравот или гневот, кои често водат кон одбранбени или агресивни политики, емпатијата може да поттикне разбирање, соработка и

---

[21] Pursiainen, C. and Forsberg, T. (2021). The psychology of foreign policy. 1st ed. [online] Palgrave studies in political psychology. Palgrave Macmillan Cham. doi:https://doi.org/10.1007/978-3-030-79887-1.

[22] Pursiainen, C. and Forsberg, T. (2021). The psychology of foreign policy. 1st ed. [online] Palgrave studies in political psychology. Palgrave Macmillan Cham. doi:https://doi.org/10.1007/978-3-030-79887-1.

[23] Badsey, S. (2019). *An Overview of the Falklands War1: Politics, Strategy and Operations*. [online] Docslib. Достапно на: https://docslib.org/doc/13374960/an-overview-of-the-falklands-war1-politics-strategy-and-operations.

помирување. Политиката на емпатија (politics of empathy)[24] го нагласува користењето на ова емоционално и когнитивно разбирање за поттикнување соработка, намалување на конфликтот и градење похумани политики во глобалните работи. Па така, токму емпатијата е круцијален елемент во различните обиди за решавање на израелско-палестинскиот конфликт, што е еден долготраен и длабоко вкоренет спор околу територија, национален идентитет и политички суверенитет, првенствено базиран на историските претензии за територијата која се наоѓа во денешен Израел и Палестина. Лидерите Јицак Рабин и Јасер Арафат, за време на Договорите од Осло, покажуваат емпатија за загубите на другата страна, што овозможи напредок кон краткотрајно смирување на тензиите. Процесот беше, исто така, под влијание на меѓународниот притисок, особено од Соединетите Американски Држави, кои се обидоа да посредуваат за решавање на тековниот конфликт. Додека договорите се сметаа за значаен чекор кон решение на долгогодишниот спор, мировниот процес на крајот „заглавува“ поради континуираното насилство, политичките промени и нерешените проблеми околу клучните прашања како што се границите, бегалците и статусот на Ерусалим.[25]

## *4. Заклучок*

Психолошките теории можеби не се стекнале со титулата на „големи“ или „класични теории“, но сепак тие се неопходни за проучување на меѓународните односи, нудејќи специфични сознанија за човечката димензија на одлучувањето. Со интегрирање на концепти како личност, рационалност, когнитивни ограничувања и емоции овие теории го надополнуваат и подобруваат структурниот фокус на реализмот, либерализмот и конструктивизмот. Како што глобалниот политички пејзаж станува сè покомплексен, интеракцијата помеѓу индивидуалните агенти и системските сили бара мултидисциплинарен пристап. Премостувањето на јазот помеѓу традиционалните теории за меѓународните односи и психолошките сознанија не само што ја збогатува академската сфера, туку и обезбедува вредни алатки за креаторите на политиките кои се движат низ предизвиците на меѓусебно поврзан свет. Интеграцијата на психологијата и меѓународните односи претставува чекор кон похолистичко разбирање на меѓународната политика, каде човечкото однесување и системската и општествена динамика се гледаат како меѓузависни наместо контрадикторни.

[24] Pursiainen, C. and Forsberg, T. (2021). The psychology of foreign policy. 1st ed. [online] Palgrave studies in political psychology. Palgrave Macmillan Cham. doi:https://doi.org/10.1007/978-3-030-79887-1.

[25] Ali, B. (2020). The Oslo Accords and Hamas response. *International Journal of Creative Research Thoughts*, [online] 8(9), стр.3373–3386. Достапно на: https://ijcrt.org/papers/IJCRT2009432.pdf.

# Библиографија


1. Ali, B. (2020). The Oslo Accords and Hamas response. *International Journal of Creative Research Thoughts*, [online] 8(9). Достапно на: https://ijcrt.org/papers/IJCRT2009432.pdf.

2. Badsey, S. (2019). *An Overview of the Falklands War1: Politics, Strategy and Operations*. [online] Docslib. Достапно на: https://docslib.org/doc/13374960/an-overview-of-the-falklands-war1-politics-strategy-and-operations.

3. Buchanan, J.M. and Tullock, G. (1962). *The calculus of consent : Logical foundations of constitutional democracy*. Michigan: The University Of Michigan Press.

4. Goldgeier, J.M. and Tetlock, P.E. (2001). Psychology and international relations theory. *Annual Review of Political Science*, 4(1). doi:https://doi.org/10.1146/annurev.polisci.4.1.67.

5. Jackson, R.H. and Sørensen, G. (2016). *Introduction to international relations : theories and approaches*. Oxford, United Kingdom: Oxford University Press.

6. Lambert, L. (2019). Operation Eagle Claw | Rescue Mission. In: *Encyclopædia Britannica*. [online]. Достапнно на: https://www.britannica.com/event/Operation-Eagle-Claw.

7. Martins, D. (2018) 'The Cuban Missile Crisis and the Joint Chiefs: Military Operations to Meet Political Ends', *Naval War College Review*, 71(4), Article 7. Достапно на: https://digital-commons.usnwc.edu/nwc-review/vol71/iss4/7

8. Mercer, J. (2010). Psychology and security. *The International Studies Encyclopedia*. doi:https://doi.org/10.1111/b.9781444336597.2010.x.

9. Mintz, A. (2004) 'How do leaders make decisions? A poliheuristic perspective', The Journal of Conflict Resolution, 48(1). Достапно на: http://www.jstor.org/stable/3176265

10. Pursiainen, C. and Forsberg, T. (2021). *The psychology of foreign policy*. 1st ed. [online] *Palgrave studies in political psychology*. Palgrave Macmillan Cham. doi: https://doi.org/10.1007/978-3-030-79887-1.

11. Quigleyt, J. (1990). The legality of the United States invasion of Panama. *Yale Journal of International Law*, [online] 15. Достапно на: http://hdl.handle.net/20.500.13051/6236.

12. Sent, E.-M. (2018). Rationality and bounded rationality: You can't have one without the other. *The European Journal of the History of Economic Thought*, [online] 25(6). doi:https://doi.org/10.1080/09672567.2018.1523206.

13. Tullock, G. (2007). *The Vote Motive*. [online] *SSRN Electronic Journal*. Great Britain: The Institute of Economic Affairs. doi:https://doi.org/10.2139/ssrn.955793.

14. Малески, Д. (2000). *Меѓународна политика - Хрестоматија*. Меѓународно право и политика ед. Скопје: Правен факултет.